| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Ридче,рид и планина |
| **Содржина на денот** | Жабата крал |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Весна Пецева |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор со детето како правилно да го средува просторот во кој игра. |
| **Активности** | -Обработка на приказна „Жабата крал“.<br>Возрасниот разговара со детето му покажува и објаснува како да ги среди неговите играчки и предмети во домот. Откако ги изврушува детето зададените задачи возрасниот го охрабрува и наградува со што му предлага да ги разгледаат сликовниците кои се во домот. Детето се потсетува кои се сликовници и приказни ги знае, ги кажува и ги разгледува. Потоа му се предлага да слушне и нова приказна „Жабата крал“. Меѓу сликовниците се бара истата дали ја има детето во домот и доколку ја нема се одбира линк за приказна „Жабата и кралот“ од браќата Грим. Возрасниот го насочува детето со внимание да ја слуша и следи приказната што им ја чита возрасен на видеото. Откако ќе ја слушне приказната детето се обидува да ја раскаже и каже што разбра во истата, а возрасниот го потикнува со неколку поставени прашања за да може детето да ја раскаже со поцелосни реченици. Детето потоа самостојно ја слуша приказната и според неговата фантазија и способности се обидува да му ја прераскаже на возрасниот.<br><br>Во прилог линк од приказната:<br>https://www.youtube.com/watch?v=57k5gM3hAlA |